МАКЕДОНСКИ ПОЛИЦИСКИ СИНДИКАТ

## ИЗВЕСТУВАЊЕ ОД ЕКОНОМСКО СОЦИЈАЛНИОТ СОВЕТ

На 18 Ноември 2011 година во Кабинетот на Државниот секретар на МВР, се одржа состанок на Економско-социјалниот совет на МВР (ЕСС), на кој се расправаше по точките предложени од Македонскиот полициски синдикат :

1. Разгледување на актуелната состојба со униформата и опремата на УПС на МВР ;
2. Разгледување на актуелната состојба со горивото и возниот парк во МВР;
3. Појави на распоредување на вработени во МВР на работни места со усна наредба ;

Во врска со првата точка и двете страни, МВР и МПС, констатираа дека поради законската пречка за спроведување на тендери за време на избори, годинава не се изврши набавка на униформи и опрема во МВР, што предизвика проблеми во нормалното работење на УПС, особено во поглед на недостиг на обувки (чевли и чизми) , пантолони, кошули и сл. Државниот секретар информира дека во новиот Буџет се предвидени средства за набавка на униформа за УПС, а ЕСС побара, надлежните служби на министерството додека трае постапката на набавка на униформите, да направат опсежна анализа и скенирање на состојбите, приоритетите и потребите.

Во однос на второто прашање, констатиран е недостаток на гориво во редовното работење на организационите единици на МВР во внатрешноста на државата, кое пред се е резултат на застарениот возен парк кој енормно троши гориво и недостатокот на возила , особено на униформираната полиција.

ЕСС на МВР недвосмислено ја утврди потребата од замена на старите возила со други кои помалку трошат, но и зајакнување на контролата на употребата на истите и откривање на евентуалните злоупотреби.

Членовите на ЕСС беа категорични дека распоредување на работник на одредено работно место со усна наредба не е дозволено со постојната регулатива на МВР. Потребно е разграничување меѓу ваквите појави и усните наредби на старешините за вршење одредени задачи на одреден простор и одредено време, кои се дозволени , но и тие во рок од 24часа мора да добијат писмена форма- наредба.

Со цел да се спречи ваквата појава, Директорот на БЈБ дистрибуира телеграма од 17.11.2011 година во која ваквите наредби се забрануваат, а евентуалните досегашни појави се бара веднаш да се надминат со отповикување на наредбата или издавање соодветно решение за распоредување.

Записникот и заклучоците на ЕСС се доставени до Министерот и надлежните служби на МВР, со цел натамошно постапување по истите.

Претседател на МПС
Тихомир Климоски